**О П Ш Т И Н А Ц Е Н Т А Р - С К О П Ј Е**

**Предлагач:** Градоначалник на Општина Центар
**Изготвувач:** Сектор за јавни дејности
Одделение за култура

# ПРЕДЛОГ- П Р О Г Р А М А
# за култура за 2019 година

Скопје, декември 2018 година

## С О Д Р Ж И Н А

1. ВОВЕД ........................................................................................ 4
2. НАЧИН И МЕТОДОЛОГИЈА НА ПОДГОТОВКА НА ПРОГРАМАТА .......... 4
3. ЦЕЛНИ ГРУПИ И КРАЈНИ КОРИСНИЦИ ................................................. 4
3.1 Општо - целни групи ........................................................................... 4
3.2 Крајни корисници ............................................................................... 5
4. ЦЕЛ (ПРИОРИТЕТИ) НА ПРОГРАМАТА ................................................ 5
4.1 Основни цели/приоритети ....................................................................5
4.2 Специфични цели/приоритети ..............................................................5
4.3 Одговорни сектори и одделенија ........................................................ 6
4.4 Поврзаност со други области и сектори ............................................... 6
5. ПРОЕКТИ И АКТИВНОСТИ НА ПРОГРАМАТА .........................................6

5.1 **Ден на Европа** ...................................................................................6
5.2 **Одбележување на Светскиот ден на уметноста**……………………..…......7
5.3 **Фестивал на хумор за деца „Во светот на насмевките“** ……………...... 8
5.4 **Проект за музичка едукација „Растеме со класика“**……………………....9
5.5 **Центар во ЕУ , ЕУ во Центар**…………………………………………….....10
5.6 **Соработка меѓу Општина Центар и Општина Стари град (Белград), во областа на културата**………………………………………………………..........10
5.7 **Децата во Центар развиваат креативност преку филмската уметност** ....................................................................................................................11
5.8 **Работилница за анимиран филм за деца со посебни потреби**.............12
5.9 **Детски драмски денови**..........................................................................13
5.10 **Месец на книгата во Центар**................................................................14
5.11 **Кино Центар**..........................................................................................15
5.12 **Одбележување на светскиот ден на поезијата**.....................................15
5.13 **Негување на старите традиции за Бадник и Маџар маало**...................16
5.14 **Ден на Општината**.................................................................................16
5.15 **Ова е мојот свет-Проект за промовирање инклузивност во културата**...............................................................................................17

5.16 **Доделување на стипендии на талентирани ученици од областа на културното творештво**..........................................................................18

5.17 **Развој на Центар за современа култура, уметност и културни политики** ........................................................................................18

5.18 **Нова година**...........................................................................................19

5.19 **Кога зградите би зборувале.**................................................................... 19

6. ИНСТИТУЦИОНАЛНА И ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА НА КУЛТУРНИТЕ УСТАНОВИ И ПРОЕКТИ ОД ЗНАЧЕЊЕ ЗА ОПШТИНАТА ..........................19

7. ОДБЕЛЕЖУВАЊЕ НА НАСТАНИ И НА ЛИЧНОСТИ......................................20

8. ОЧЕКУВАНИ РЕЗУЛТАТИ И ПОКАЗАТЕЛИ НА ГОДИШНАТА ПРОГРАМА...20

9. ФИНАНСИРАЊЕ...........................................................................................20

9.1 НАЧИН НА ФИНАНСИРАЊЕ.......................................................................20

9.2 ДРУГИ ФОРМИ НА ПОДДРШКА...................................................................20

9.3 ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА НА МЕШОВИТА УСТАНОВА ОД ОБЛАСТА НА КУЛТУРАТА „КУЛТУРНО СОЦИЈАЛЕН ПРОСТОР ЦЕНТАР-ЈАДРО“.................21

10 ЗАВРШНА ОДРЕДБА ....................................................................................22

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ..............................................................................................23

**ПРЕДЛОГ**

Врз основа на член 22 став 1 точка 5 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 05/02) и член 15 став 1 точка 5 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје“ бр. 1/06 и 12/15), Советот на Општина Центар-Скопје на__________ седница, одржана на ______ година, донесе:

**П Р О Г Р А М А**
**за култура на Општина Центар-Скопје**
**за 2019 година**

Со донесувањето на системските закони што се однесуваат на локалната самоуправа, а во контекст на процесот на децентрализација, општините добиваат и надлежност што се однесува на задоволувањето на културните права и потреби на граѓаните. Општинските културни активности и активностите на локалните културни установи и здруженија на граѓани во непосреден контакт со граѓаните многу попрецизно ќе ги откријат нивните културни потреби и формите за нивно задоволување, со што ќе го направат културниот живот во Општината побогат, поразновиден, подинамичен и поквалитетен.

Стратегиски документи користени при подготовката:
-Стратегија за култура на Општина Центар-Скопје, 2017-2022 година.

## 2. НАЧИН И МЕТОДОЛОГИЈА НА ПОДГОТОВКА НА ПРОГРАМАТА

Програмата за култура е подготвена во координација со претставниците од Советот на Општина Центар-Скопје, Одделението за култура, граѓаните и граѓанските организации, со што се овозможи граѓаните да бидат вклучени во процесот на одлучување и преку свои предлози и идеи за проекти и активности таа да претставува отсликување на потребата на граѓаните. Исто така, предвид е земена и Стратегијата за култура 2017-2022 година што е изготвена на комплетно инклузивен процес, како и Акцискиот план за 2017-2019 година.

## 3. ЦЕЛНИ ГРУПИ И КРАЈНИ КОРИСНИЦИ

### 3.1 Општо – целни групи

Програмата на Одделението за култура ги таргетира граѓаните на Општина Центар-Скопје, вклучувајќи ги и најмладите. Преку активностите и проектите предвидени во Програмата се опфаќаат и граѓанските организации што придонесуваат во развојот на инклузивниот процес за вклученост во процесот на одлучување. Оваа Програма предвидува и директна соработка со граѓанските организации што укажува на фактот дека тие ни се главна таргет-група.

### 3.2 Крајни корисници

Жители од Општината од сите генерации

## 4. ЦЕЛ / ПРИОРИТЕТИ НА ПРОГРАМАТА

### 4.1 Основни цели/приоритети

Основни цели на Програмата на Општина Центар-Скопје од обласа на културата:

1. Доближување на културата до сите граѓани.

   -Преку оваа цел треба да им се овозможи на сите граѓани на Општина Центар-Скопје рамноправно да учествуваат во културата и во културните случувања како творци и како корисници.

2. Поттикнување на современото творештво, со посебен фокус на културните потреби на младите.

   -Земајќи ја предвид перспективата на културниот развој, особен фокус ќе биде ставен на обезбедувањето материјални претпоставки за творештвото и задоволувањето на културните потреби на младите. Ќе се поддржуваат и ќе се охрабруваат истражувањата и потребата од нови изразни средства, ќе се поддржуваат експериментите и користењето нови медиуми на естетска експресија, како и проектите и установите што се занимаваат со продукција и ширење на културните содржини и вредности за младата популација.

### 4.2 Специфични цели/приоритети

-Промовирање на европски вредности
-Стимулирање на креативното творештво и изразување на младите
-Развивање на натпреварувачкиот дух кај младите
-Градење филмска култура
-Поддршка на домашни филмски автори и проекти
-Интерактивно искуство кај младите

-Анимација и зголемување на интересот за музичка уметност (популарна, класична, џез-музика)
-Поддршка на визуелната уметност
-Соработка со уметници-креативци од Општина Центар-Скопје
-Организирање дебати од областа на книжевноста
-Унапредување на соработката со национални институции од областа на културата
-Инклузија на деца со посебни потреби во областа на културата
-Зголемен интерес на жителите на Општина Центар за објектите со културно наследство во Општината
-Развивање културни афинитети во областа на ликовната уметност кај пензионерите

### 4.3 Одговорни сектори и одделенија

1. Сектор за јавни дејности
2. Одделение за култура

### 4.4 Поврзаност со други области и сектори

Одделение за образование, спорт и млади
Одделение за детска и социјална заштита
Сектор за поддршка на градоначалникот

## 5 ПРОЕКТИ И АКТИВНОСТИ НА ПРОГРАМАТА

### 5.1 Ден на Европа

Одбележувањето на 9 Мај, Денот на Европа, Општина Центар-Скопје ексклузивно по 15. пат ќе го реализира во соработка со Делегацијата на ЕУ во Скопје. Оваа долгогодишна традиција и, пред сè, довербата добиена од Делегацијата на ЕУ централната манифестација по повод најголемиот празник на Европската Унија да ја реализира со Општина Центар-Скопје сам по себе говори дека е постигната основната цел на овој проект, а тоа е: приближување на европските вредности и негување на традициите на европскиот дух кај најмладите. Од тие причини секоја година во програмскиот дел на овој настан учествуваат околу 500 деца од градинките и од основните училишта во Општина Центар-Скопје. Во овој период не сме во можност детално да ги образложиме конкретните содржини за Денот на Европа 2019 од единствена причина што станува збор за заеднички проект со Делегацијата на ЕУ, а секоја година програмските содржини се договараат во февруари кога, всушност, се добиваат мотото за таа година и

програмските насоките од Брисел за сите земји што го одбележуваат овој ден.

Целни групи:
-Децата од детските градинки на територијата на Општина Центар-Скопје
-Учениците од ООУ на територијата на Општина Центар-Скопје

Очекувани резултати:
-Промовирање на европските вредности
-Запознавање на младите со Европската Унија

Време на реализација: 9 мај 2019 година

Буџет: 230.000 денари - Проектот ќе се реализира доколку се обезбедат средства од надворешни субјекти (донации)

### 5.2 Одбележување на Светскиот ден на уметноста – 15 април 2019

По петти пат Општина Центар, во соработка со Здружението на граѓани ИКОН, ќе го одбележи 15 Април, Светски ден на уметноста. Општина Центар е заслужна за внесување на овој настан во културниот календар на Република Македонија со што ја вклучивме нашата земја во големото светско семејство што го празнува овој празник. 2019-та година се одбележуваат 500 години од смрта на Леонардо да Винчи, и претставува светски значаен јубилеј. Предлог проект за негово одбележување во Општина Центар е изложбата „Леонардо непресушна инспирација на уметноста и уметниците“.
На изложбата ќе земат учество 15 македонски ликовни уметници со свои оригинални дела создадени по инспирација од делата на Леонардо Да Винчи. Оваа изложба ќе претставува голем стимул кај македонските уметници со својот талент да се вградат во богатата леонардова традиција на уметничка инспирација, посебно за јубилејот во 2019-та година, година, која на светско ниво, ќе биде во знакот на овој сликар, вајар, архитект, воен технолог, антиципатор на хеликоптерот и авионот, падобранот и други изуми кои се реализирани по неговата смрт и го потврдуваат неговиот гениј.

Целни групи:
-Жители на Општина Центар-Скопје
-Уметници
-Младите од Општина Центар-Скопје

Очекувани резултати:
-Промовирање на уметноста и делото на Леонардо да Винчи

-Промовирање на македонското сликарство и македонските уметници
-Стимулирање на македонската сликарска уметност
-Стимулирање и зголемување на интересот на жителите на Општина Центар во областа на ликовната уметност

Време на реализација: 15 Април 2019 година

Буџет: 280.000 денари - Проектот ќе се реализира доколку се обезбедат средства од надворешни субјекти (донации)

### 5.3 Фестивал на хумор за деца „Во светот на насмевките"

Во насока на поддршка, како и задоволување на културните потреби на најмладите како една од примарните цели на Програмата за култура, Општина Центар-Скопје пред три години почна да го организира Фестивалот на хумор за деца „Во светот на насмевките". Задоволството на присутната публика, а најмногу на децата-учесници во програмскиот дел ни даде право овој фестивал да продолжи и понатаму, секако збогатен со нови содржини. И овој пат настанот ќе се одржи на 1 април, по повод Светскиот ден на шегата. Во Програмата ќе учествуваат околу 250 деца од сите градинки во Општина Центар-Скопје.
Преку својата содржина манифестацијата „Во светот на насмевките" има цел, пред сѐ, да ги поттикне и да ги збогати креативното творештво и смислата за хумор на децата што ќе бидат вклучени во нејзината реализација како директни учесници. На тој начин учесниците во фестивалот не само што ќе имаат можност слободно и креативно да се изразуваат туку притоа ќе може и да се забавуваат.
Предвидено е во содржината на активностите да бидат опфатени музичко-сценски перформанси, изведба на скечеви (преку изразување на артистички вештини) и поединечно и групно маскирање на учесниците. Дел од активностите ќе имаат натпреварувачки карактер и на најдобрите ќе им бидат доделени соодветни награди.
Цел е оваа манифестација да прерасне во традиција и во препознатливост на нашата Општина.
Целни групи:
-Децата од детските градинки на територијата на Општина Центар-Скопје

Очекувани резултати:
-Стимулирање на креативното творештво и смислата за хумор кај децата
-Стимулирање на креативното изразување на децата
-Развивање на натпреварувачкиот дух кај младите

Време на реализација: 1 април 2019 година
Буџет: 80.000 денари - Проектот ќе се реализира доколку се обезбедат средства од надворешни субјекти (донации)

## 5.4 Проект за музичка едукација „Растеме со класика“

Со цел класичната музика да се приближи до најмладите, продолжуваме со трет серијал на овој едукативен проект преку кој ќе ги откриваме убавините на класичната музика затоа што сите 700 деца што беа опфатени во минатогодишниот проект, како и нивните родители и вработени во градинките, беа презадоволни од неговата реализација.
Овој проект има цел да организира интерактивни концерти во форма на работилници наменети за најмладата публика во сите предучилишни установи во Општина Центар-Скопје, а тие ќе имаат едукативен карактер и преку интеракција и игра ќе ги запознаваат децата со класичната музика.
Предучилишниот период е време кога децата интензивно ги развиваат музичките способности и затоа е многу големо значењето на музичкото воспитување на таа возраст. Оттука произлегува и нашата мотивација за спроведување на овој проект преку кој децата ќе ги запознаеме со класичната музика, со различни инструменти, ќе им се развиваат чувството за ритам и такт, како и вокалните способности.
Концертите се осмислени како 40-минутни интерактивни музички дружења, со интересна и забавна програма и ќе се одржат во сите 11 клонови на трите градинки во Општината. Ќе настапат двајца оперски пејачи и двајца инструменталисти, костимирани како за сценски настап.
Во согласност со Програмата, концертите ќе бидат приспособени на возраста на децата со поедноставна и полесна содржина, со препознавање на познати рефрени од оперски арии што ќе бидат прифатливи за секое детско уво, весело и забавно дружење на децата со музичарите преку прашања и анегдоти поврзани со класичната музика.

Целни групи:
-700 деца од детските градинки
-Родителите
-Вработените во градинките

Очекувани резултати:
-Музичка едукација на децата
-Запознавање на децата со класичната музика
-Запознавање на децата со музичките инструменти
-Интеракција меѓу изведувачите и децата со цел стимулирање на интересот за класична музика

Време на реализација:  февруари - март 2019 година

Буџет: 90.000 денари - Проектот ќе се реализира доколку се обезбедат средства од надворешни субјекти (донации)

### 5.5 Центар во ЕУ, ЕУ во Центар

Целта на проектот е на граѓаните да им се прикажат спецификите на одделни земји членки на ЕУ и од тие причини овој проект ќе биде реализиран во соработка со неколку амбасади на земји-членки на ЕУ (Германија, Холандија, Данска, Шведска). Главна цел на овој проект е младите од Општина Центар-Скопје да ги истражуваат културните достигнувања и да изработат уметнички дела по примерот на најистакнатите уметници од Европа.
Исто така, со одговорните лица за култура од соодветните амбасади ќе бидат реализирани т.н. Денови на нивната култура (по можност по повод нивните национални празници), со што ќе дадеме свој придонес во заедничкото одбележување на тие празници.
Исто така преку овој проект ќе ги поттикнеме младите од Општина Центар-Скопје да ги истражуваат културните достигнувања на овие земји.

Целни групи:
-Младите од Општина Центар

Очекувани резултати:
-Стимулирање на уметничкиот дух кај младите
-Истражување на културните европски достигнувања
-Воспоставување соработка со културните аташеа на амбасадите на земјите-членки на ЕУ
-Унапредена соработка со граѓанските организации што работат во областа на културата

Време на реализација: март - април - мај – јуни – октомври 2019 година

Буџет: 320.000 денари - Проектот ќе се реализира доколку се обезбедат средства од надворешни субјекти (донации)

### 5.6 Соработка меѓу Општина Центар и Општина Стари Град (Белград) во областа на културата

Градењето на пријателство помеѓу општините е основа за воспоставување на блиска соработка во повеќе области од интерес на граѓаните кои живеат на подрачјето на тие општини.
Со овој проект ќе се оствари соработка во културата помеѓу овие две општини кои веќе имаат потпишано протоколи за збратимување.

Се работи за две изложби на уметници коио живеат и работат на територија на Општина Центар – Скопје и уметници од Општина Стари град – Белград.
Овие изложби ќе се реализираат по повод денот на Општините, и е најубав начин на чествување на празниците како симболичен мост од креативни ликовни творби со кој ќе се поврзуваат двете збратимени Општини.
За изложбите ќе се направи селекција на авторите и делата преку кои достојно ќе се презентира македонската ликовна уметност во Србија и обратно, презентација на српската уметност во Република Македонија.

Целни групи:
-Жители на Општина Центар – Скопје од сите возрасти

Време на реализација:
-Ден на општините на Општина Центар – Скопје и Општина Стари град - Белград

Очекувани резултати:
-Запознавање со културните вредности и добра.
-Промоција на уметниците кои творат и живеат на териториите на двете општини
-Воспоставување блиски релации меѓу двете општини

Буџет: 350.000,00 денари - Проектот ќе се реализира доколку се обезбедат средства од надворешни субјекти (донации)

### 5.7 Децата во Центар развиваат креативност преку филмот

Овој проект има за цел развој на креативните капацитети на децата ( 12 – 14 години ) во Општина Центар преку процес на учење за филмот од идеја до реализација преку што може да се иразат креативно и во исто време интелектуално да се надоградат.
Проектот е осмислен како филмска работилница во траење од 3 месеци, а во истата ќе учествуваат 50-тина деца од основните училишта во Општина Центар.
Конкретната цел на работилницата е да се произведат куси филмови од по 10 минути, кои ќе бидат круна на теоретското и практично учење за филмот, како и на размената на своите искуства и ставови при развојот на филсмките приказни.

Проектот ќе се реализира теоретски и практично.
Теоретскиот дел се состои од две фази:

- Теоретско запознавање со филмот како медиум, основниот филмски јазик и драматуршки алатки кои треба да се применат во следната фаза;

- Втората фаза ќе опфаќа практично применување на научените алатки за пишување на сценарио при процес на развивање на свои филмски приказни;

Практичниот дел се состои од две фази:

- Предавања на терен во Кинотека на Македонија, вежби за начин на снимање со камера, неколку предавања за монтажа и снимање на звук.
- Снимање на 5 куси филмови

Сите деца кои ќе учествуваат на работилницата ќе ги пратат теоретските часови. Во фазата на практичен дел од првиот сегмент ќе се поделат во 5 групи и секоја засебно ќе развива своја приксна со помош на менторот и асистентот.
Потоа на терен ќе ги учат алатките за филмска режија, како се кадрира, како се планираат кадрите за снимање, како се осмислува композиција и светло, а ќе научат и за предизвиците на филмската продукција.
Во финалната фаза ќе се снимаат петте куси филмови со професионални снимател, снимател на тон и монтажер и ќе се добијат филмови кои ќе бидат прикажани на јавен настан, организиран од страна на МФФ Киненова во соработка со Општината каде специјално жири ќе ги оценува и најдобрите филмови ќе добијат награди.
Сметаме дека ефектите од работилницата ќе бидат повеќе димензионални така што ќе има дополнителна вредност во образованието на овие деца, потоа ќе овозможи динамичен развој на креативните вештини на младите од општината, а ќе понуди и можност за нивна идна професионална профилација.

Реализација: февруари – април

Буџет: 400.000 денари - Проектот ќе се реализира доколку се обезбедат средства од надворешни субјекти (донации)

### 5.8 Работилница за анимиран филм за деца со посебни потреби

Целта на проектот е едукација на деца со посебни потреби на тема изработка на анимиран филм, развој на креативноста и вештините на децата и насочување на нивниот талент.
Работилницата е концепирана како десетдневен настан со фокус на колажна (катаут) анимација. Овој вид анимација е гранка на стоп-анимацијата која користи плошни предмети: хартиени карактери и позадини, исечоци од весници, фотографии итн. Хартиените предмети се движат рачно (на една или неколку стаклени површини), се фотографираат и

фотографиите се спојуваат во континуитет со што се добива анимиран филм.
Работилницата ќе трае 10 работни денови по 2 училишни часа и како производ од истата ќе се добие анимирано музичко видео, за инструментална композиција.
Планирани активности на работилницата: едукација на тема анимиран филм; катаут анимација (историјат,техника); проекција на кратки анимирани филмови и анализа; создавање приказна, изработка на сценарио и сториборд, изработка на карактери и позадини; снимање, монтажа, презентација и прикажување на креираниот анимиран филм пред публика.

Целни групи:
-Деца од 11 до 14 годишна возраст

Очекувани резултати:
**-**Едукација на деца на тема изработка на анимиран филм.
-Развој на креативноста и вештините на децата и насочување на нивниот талент за филм.

Време на реализација:
-10 работни дена

Буџет: 40.000 денари - Проектот ќе се реализира доколку се обезбедат средства од надворешни субјекти (донации)

### 5.9 Детски драмски денови

Станува збор за тридневен фестивал на драмски претстави изведени од ученици на општинските основни училишта. Фестивалот ќе служи за стимулација на креативноста кај децата, развој на идни театарски уметници и создавање идна театарска публика.
Секое од седумте општински основни училишта ќе учествува со една театарска претстава. На затворање на фестивалот, ќе се доделат награди на учесниците (предлог награда: Годишни карти за театар).
Последниот ден, пред доделувањето на награди, ќе се одржат предавања, дискусии со професори од Факултет за драмска уметности и со актери на теми од интерес на младата публика (за нивните почетоци, нивните први театарски претстави и други теми).

Целни групи:
-Ученици од V-IX одд од ООУ

Очекувани резултати:
-Зголемување на љубовта кон драмската уметност и драмската литература кај децата

-Зголемен интерес кај децата за посета на театар
-Развој на само изразување кај децата, подобрување на нивната комуникација и самодоверба.
-Развој на талентот за глума кај децата, нивно совладување на тајните на сценскиот израз.
-Стимулирање и насочување на талентот за глума.
-Соработка со Факултет за драмска уметност.

Реализација:
-Простории на МКЦ, Кино Култура, Канцеларија за млади на Општина Центар.

Буџет: 90.000 денари - Проектот ќе се реализира доколку се обезбедат средства од надворешни субјекти (донации)

### 5.10 Месец на книгата во Центар

Петнеделен настан за зголемување на културата за читање книги и анимирање на читателската публика во Општина Центар. Неколку издавачки куќи ќе извршат презентација на дел од најновите книжевни дела напишани и преведени на македонски јазик. Презентацијата ќе се изврши во читалните со кои располага Општина Центар со цел нивна актуализација . Различна издавачка куќа, во текот на една недела, ќе изврши претставување на своите дела. За користењето на читалните на Општина Центар, издавачките куќи, ќе донираат книги за нивно опремување. Подобрената опременост на читалните ќе ја зголеми нивната посетеност, со цел тие да станат актуелен простор за љубителите на книги во Општина Центар.

Целни групи:
Жители на Општина Центар

Очекувани резултати:
-Стимулирање на културата за читање книги.
-Опремување на читалните на Општина Центар со нов литературен материјал.
-Промоција на најновите литературни дела од македонските издавачки куќи.
-Активирање на читалните на Општина Центар, преку нивно опремување и стимулација на читателската публика во општината.

Реализација:
-Простории: Читални на Општина Центар.
-Време: јуни

Буџет: 0

### 5.11 Кино Центар

Проект кој во летниот период нуди алтернативна понуда за љубителите на фимската уметност. Проектирањето на филмови во парковите на општина Центар, под отворено небо, истовремено ќе нуди уживање во филмовите, убавото летно време и зелените површини на општината. Проект со цел создавање на нова навика и култура на користење на просторот во парковите и актуализирање на некои недоволно искористени капацитети на општината.
Со проектот се предвидува во вечерните часови, секој петок, во месец јуни, проекција на филм на отворено во Општина Центар.
Целни групи:
-Жители на Општина Центар и пошироко
-Туристи

Очекувани резултати:
-Нова алтернативна понуда за љубителите на филмската уметност
-Стандардизирање на нов начин на користење на парковите на Општина Центар со цел целосна искористеност на нивните капацитети.
-Анимирање на филмската публика и создавање нова.
-Соработка со Кинотека на Македонија

Реализација:
-Место: паркови, зелени површини во Општина Центар
-Време: јуни

Буџет: 150.000 денари - Проектот ќе се реализира доколку се обезбедат средства од надворешни субјекти (донации)

### 5.12 Одбележување на Светскиот ден на поезијата

По повод Светскиот ден на поезијата - 21 март во читалницата „Славко Јаневски“ ќе биде организирана дебата посветена на младите писатели од Македонија, а кои се најчитани или наградени на книжевни конкурси. Со оваа дебата продолжува циклусот на дебати на актуелни теми од областа на книжевноста.
Овој проект ќе биде реализиран во соработка со Институтот за македонска литература.

Целни групи:

- Младите писатели од Општина Центар
- Жители на Општина Центар

Очекувани резултати:

- Стимулирање на дебата од областа на книжевноста
- Унапредена институционална соработка со Институтот за македонска литература

Време на реализација: 21 март  2019 година

Буџет: 35.000 денари - Проектот ќе се реализира доколку се обезбедат средства од надворешни субјекти (донации)

### 5.13 Негување на старите традиции за Бадник и Маџир Маало

Секоја година, почнувајќи од 1993 година, успешно опстанува скопската традиција за заедничка прослава на Бадник. Исто така, жителите на Маџир Маало и вљубениците во традицијата живеат за далеку познатите Маџирмаалски средби. Овие два настана ја прават Општина Центар-Скопје место познато по негување на добрососедството, пријателството и традицијата.

Целни групи:

- жителите на Маџир Маало, на Општина Центар и сите љубители-поддржувачи на маалските традиции

Очекувани резултати:

- Продолжување и негување на вековните скопски традиции, зближување на граѓаните, пренесување на традиционалните вредности на младите

Време на реализација: јануари - март 2019 година

Буџет: 120.000 денари - Проектот ќе се реализира доколку се обезбедат средства од надворешни субјекти (донации)

### 5.14 Ден на Општината

Одбележувањето на Денот на Општината претставува можност за ретроспектива на нејзините најактуелни достигнувања во календарската година. Оваа манифестација ќе се одржи на 3 ноември 2019 година и на неа ќе бидат доделени: наградата „Феникс“, како и признанија на институции и на лица што дале свој придонес и имале успешна соработка со Општината. За сите наградени ќе биде изготвена видеопрезентација, а музичко-сценската програма ќе ги опфати најуспешните достигнувања во областа на културата.

Целни групи:
-Учениците од ООУ од Општина Центар што ќе подготват свој перформанс
-Жителите на Општина Центар
-Институциите и лицата што придонеле за Општината

Очекувани резултати:
-Стимулирање на младите за успешно претставување на Општината
-Стимулирање на талентот на учениците
-Унапредена соработка со институции што придонеле за развој на Општината

Време на реализација: 3 ноември 2019 година

Буџет: 90.000 денари - Проектот ќе се реализира доколку се обезбедат средства од надворешни субјекти (донации)

### 5.15 Ова е мојот свет – проект за промовирање на инклузивност во културата

Станува збор за серија работилници од областа на културата за креативно изразување, кои ќе се одржат во неколку редовни инклузивни училишта во Општина Центар.
На овие работилници, кои ќе ги водат и координираат стручни лица, децата со попреченост ќе работат со другите деца, со што ќе се обезбеди интеракција и фокусирање на заедничките интереси. Крајните резултати од овие работилници како уметнички производи ќе бидат презентирани на заеднички јавен настан што ќе се организира на 3 декември – Светскиот ден на лицата со попреченост. Резултатите од работилниците ќе бидат публикувани.
Цел на овој проект е промоција на инклузивноста во културата како алатка и метод за справување со негативните стереотипи кон децата со посебни потреби. Наедно ќе се подигне и јавната свест за нивните капацитети, таленти и способности.
Целни групи:
-Учениците од ООУ во Општина Центар
-Децата со попреченост од Општина Центар

Очекувани резултати:
-Инклузија на децата во областа на културата
-Надминување на негативните стереотипи за децата со попреченост
-Подигнување на свеста кај младите

Време на реализација: ноември - декември 2019 година

Буџет: 35.000 денари - Проектот ќе се реализира доколку се обезбедат средства од надворешни субјекти (донации)

### 5.16 Доделување стипендии на талентирани ученици од областа на културното творештво

За учениците од основните училишта во Општината кои постигнале врвни резултати на општински, регионални, државни и меѓународни натпревари, предвидуваме стипендии според претходно утврдени критериуми и услови. Овие стипендии имаат за цел да го стимулираат талентот за културно творештво кај младите.

Очекувани резултати:
-Учество на натпревари
-Создавање вистински вредности и навики кај учениците
-Развивање, стимулирање и следење на талентот

Време на реализација: јануари – мај и октомври – декември

Буџет: 500.000 денари - Проектот ќе се реализира доколку се обезбедат средства од надворешни субјекти (донации)

### 5.17 Развој на Центар за современа култура, уметност и културни политики на Општина Центар, преку физибилити студија и доделување на договор за ЈПП

Општина Центар, како најурбана општина во Македонија, треба да продуцира нова култура и уметност, заедно со и за професионалците и заедницата, истовремено пратејќи ги најновите текови на развој на културните и јавните политики во линија со Европските насоки. Во Општина Центар постои недостаток на инфраструктурни капацитети и содржини во насока со новите и современи текови во уметноста и културата. Општината истовремено има потреба од простор за програмите на заедниците, училиштата, градинките и останатите сродни јавни институции. Увидувајќи ги овие потреби и недостатоци, Општина Центар сака да спроведе истражување (физибилити студија) со кое ќе се нотира оправданоста за развој на затворен инфраструктурен капацитет, како и долгорочна и издржана содржина и програма за просторот со кој ќе располага. По изработка на физибилити студија се носи одлука за започнување на постапка за доделување на договор за воспоставување на ЈПП(Јавно приватно партнерство).

Целни групи:
-Жители на Општина Центар-Скопје
-Уметници од Општина Центар-Скопје
-Културни дејци од Општина Центар-Скопје

Очекувани резултати:
- Физибилити студија за оправданоста за развој на затворен инфраструктурен капацитет, како и долгорочна и издржана содржина и програма за просторот со кој ќе располага.
-Воспоставување на Јавно приватно партнерство
-Развој на инфраструктурен капацитет со кој ќе располага Општина Центар.

Време на реализација: јануари - април

Буџет: 2.000.000 денари - Проектот ќе се реализира доколку се обезбедат средства од надворешни субјекти (донации)

### 5.18 Нова Година

Буџет: 150.000 денари - Проектот ќе се реализира доколку се обезбедат средства од надворешни субјекти (донации)

### 5.19 Кога зградите би зборувале

Се работи за проект чија цел е отварање, истражување и користење на нови облици на заедничко градење на капацитетите за повеќе димензионално откривање на минатото, сегашноста и иднината на одреден јавен простор како и неговото историско значење во конкретниот локален контекст. Овој проект се стреми преку користење на современи уметнички приоди, да се придонесе кон подигање на свеста за улогата на уметноста и културата во општествениот контекст со акцент на (не)грижата за културното наследство.
„Кога зградите би зборувале" е колаборативен проект кој ги разоткрива деликатните, скриени траги од бришењето на колективната меморија на локалната историја, сето тоа прикажувајќи го преку конкретни примери на урбани простори (комплекс на згради и нивното опкружување) кои се или биле значајни обележја во општина Центар.
Во рамки на проектот ќе се реализираат: изложба на 7 современи уметници, 4 предавања и дебати и 4 изведби на веќе продуцираниот театарски перформанс „Кога зградите би зборувале".

Целни групи:

- Жители на општина Центар

Очекувани резултати:

- Зголемување на интересот кај жителите за историското значење на објектите низ Скопје
- Поттикнување на свеста за улогата на уметноста и културата

Време на реализација: 2019 година

Буџет: 250.000 денари Проектот ќе се реализира доколку се обезбедат средства од надворешни субјекти (донации)

## 5 ИНСТИТУЦИОНАЛНА И ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА НА КУЛТУРНИ УСТАНОВИ И ПРОЕКТИ ОД ЗНАЧЕЊЕ ЗА ОПШТИНАТА

**1. Финансиска поддршка на сценската уметност**

Општината зема обврска за финансиска поддршка на проекти и на институции од областа на културата преку обезбедување сценски простор за театарски претстави за деца и за возрасни, концерти, кино за прикажување на современиот европски филм и други форми на изразување на младата македонска културна сцена.

**2. Развој на современа култура, нови културни практики и политики и создавање критериуми со соодветен износ од Буџетот на Општината**

Ова треба да биде стратегија за програмска поддршка на проектите од независниот културен сектор што имаат интердисциплинарно содржинско рамниште и ги покриваат сите дејности во сферата на културата.

**3. Соработка со уметници и организирање работилници**

Се однесува на соработката на сите видови уметници и нивните здруженија и установи на локално ниво, од сите видови уметност, како и негување на фолклорот, занаетчиството и на слични културни вредности.

**4. Брошури за Општина Центар-Скопје**

Планирано е во текот на 2019 година да се подготват и да се печатат промотивни брошури, чија основна цел е да ги промовираат Општината и нејзините активности во различни сегменти.

**5. Печатење на општински рекламен материјал** што не е опфатен во претходните точки, а произлегол како потреба во текот на 2019 година.

## 6 ОДБЕЛЕЖУВАЊЕ НА НАСТАНИ И НА ЛИЧНОСТИ

Во текот на 2019 година ќе се изврши ажурирање на Регистарот на споменици и спомен-обележја од подрачјето на Општина Центар-Скопје заради нивна заштита и одржување.

## 7 ОЧЕКУВАНИ РЕЗУЛТАТИ И ПОКАЗАТЕЛИ НА ГОДИШНАТА ПРОГРАМА

1. Промоција на културната сцена на територијата на Општина Центар
2. Стимулирање на млади уметници
3. Поддршка на граѓански организации што работат во областа на културата
4. Развивање на креативните и на творечките вештини кај учениците од ООУ и децата од градинките во Општина Центар
5. Промовирање на алтернативната сцена
6. Промоција на историските знаменитости во Општина Центар
7. Стимулиран талент на младите од областа на културата
8. Поттикнување на дебати од областа на културата
9. Промоција на пјацети во Општина Центар што треба да претставуваат сцена за уметници
10. Поттикнување на млади писатели
11. Стимулирање на интерактивно искуство преку разни манифестации

## 8 ФИНАНСИРАЊЕ

### 9.1 НАЧИН НА ФИНАНСИРАЊЕ

Финансирањето на активностите утврдени со оваа Програма во износ од -------------- денари (К4 - ---------- денари и КА - -------- денари) е предвидено со Буџетот на Општина Центар-Скопје за 2019 година.

Определени финансиски средства може да бидат обезбедени од спонзорства и од донации.

За одредени активости што не се содржани во Програмата, а за кои Советот на Општина Центар-Скопје, на предлог на Градоначалникот, ќе процени дека по својата актуелност и квалитет предизвикуваат поширок јавен интерес, ќе бидат предвидени дополнителни финансиски средства од Буџетот на Општина Центар-Скопје.

Прегледот на финансиски средства за реализација на Програмата е составен дел на оваа Програма.

## 9.2 ДРУГИ ФОРМИ НА ПОДДРШКА

1. Конкурс за финансирање на проекти од областа на сценската уметност
2. Почесно покровителство
3. Доделување награди и признанија
4. Обезбедување техничка и друга помош
5. Учество на промотивни и на протоколарни средби

По завршувањето на проектите секој реализатор е должен до Одделението за култура да достави Извештај за реализација на одобрените средства.

## 9.3 ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА НА МЕШОВИТА УСТАНОВА ОД ОБЛАСТА НА КУЛТУРАТА „КУЛТУРНО СОЦИЈАЛЕН ПРОСТОР ЦЕНТАР-ЈАДРО“

Оваа установа е основана од Општина Центар-Скопје со Одлука за основање на мешовита установа од областа на културата („Службен гласник на Општина Центар-Скопје“ бр.15/2016) со цел вршење на следнава дејност: давање институционална и финансиска поддршка на социокултурните проекти, на современата уметност и современите социокултурни практики, на демократизацијата и активното учество во социокултурната заедница, на обезбедувањето културна програма на Општината, на организирањето културни манифестации и на поттикнувањето разновидни специфични форми на творештво од јавен интерес од локално значење.

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | **КУЛТУРА** | **Планирани средства 4. 500.000,00** |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **464** | | | **Разни трансфери** | |
| | **464990** | | **Други трансфери** | **4.350.000,00** |
| | **464120** | | **Стипендии за подршка на млади таленти** | **150.000,00** |

**10. ЗАВРШНА ОДРЕДБА**

Оваа Програма влегува во сила на денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Центар-Скопје“.

Бр. _______________<br>____________ година<br>Скопје

Совет на Општина Центар-Скопје<br>ПРЕТСЕДАТЕЛ<br>Јана Белчева Андреевска с.р.

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Предлог - Програмата за култура на Општина Центар за 2019 година е подготвена во координација со културни дејци, граѓани и граѓански организации од обласата на културата, со што се овозможи граѓаните да бидат вклучени во процесот на одлучување и преку свои предлози и идеи за проекти и активности таа да претставува отсликување на потребата на жителите на Општината. Исто така, предвид беше земена и Стратегијата за

култура 2017-2022 година што е изготвена на комплетно инклузивен процес, како и Акцискиот план за 2017-2019 година.

Имајќи ја во предвид перспективата на културниот развој, особено внимание во оваа предлог Програма е ставено на обезбедување предуслови за задоволување на културните потреби на младите. За таа цел ќе се поддржуваат истражувањата и потребата од нови изразни средства, како и проектите и институциите што се занимаваат со продукција на културни содржини и вредности за младата популација. Исто така развивање на креативните творечки вештини кај учениците од основните училишта и децата од градинките во општина Центар.

Оваа предлог Програма, меѓу другото има за цел и промовирање на европските културни вредности; градење и негување на музичката, филмската, драмската, литературната, ликовната култура; инклузија на деца со посебни потреби во културата; развој на нови културни практики; зголемување на интересот на жителите на општина Центар за објектите со културно наследство во Општината; подршка на старите културни традиции и друго.

Од овие причини предлагам ова предлог Програма да се разгледа и да се усвои во целост.

ГРАДОНАЧАЛНИК
Саша Богдановиќ